**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# О Д Л У К А

за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите

Скопје, мај 2023

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 348/31.05.2022, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на 30.05.2023, донесе

**О Д Л У К А**
за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите

**Член 1**

Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја одобрува прераспределбата на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, во вкупен износ од денари 1.540.000.000,00.

**Член 2**

Наведениот износ од член 1 од оваа Одлука не е расположлив во иднина за исплата на дивиденда на акционерите (ограничена за распределба на акционерите) и како таков, во согласност со релевантната важечка регулатива на Народната Банка на Република Северна Македонија, има третман на основен капитал на Стопанска банка АД - Скопје.

**Член 3**

Наведениот износ од член 1 од оваа Одлука ја вклучува распределената акумулирана добивка согласно Одлуките за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје во вкупен износ од денари 1.540.000.000,00.

**Член 4**

Образложението е интегрален дел од оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука ќе стапи на сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.
30.05.2023
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со приложената Одлука се предлага останатиот износ од акумулираната добивки од 2019 година или добивката во износ од денари 1.275.292.260,00 и дел од акумулираната добивки од 2020 година во износ од денари 264.707.740,00 да се прераспредели во акумулирана добивка која нема да биде расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите) во согласност со одредбите на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот (Службен весник на РМ бр. 47/12... 167/20).

Горенаведеното е со цел да обезбеди коефициентот на адекватност на капитал во согласност со пропишаните лимити од НБРНМ, и да биде поддршка на Деловниот план на Банката во следниот период. Дополнително, ова ќе го зајакне основниот капитал на Банката преку прераспределба на акумулирана добивка во акумулирана добивка која нема да биде расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите) и ќе служи за подршка на деловните и развојните цели на Банката.

Согласно горе наведеното се предлага Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, да ја донесе Одлуката за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, како што е предложено.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**